**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Број: 11-3213/2
Датум:14.04.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Во врска со Вашето барање доставено до Општина Карпош за изведување на приклучок на фекална канализација за објект на ул.“Прашка“ , Ве известуваме за следното:

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 14.04.2022 година изврши увид на лице место на ул.“Прашка “ по барање на барател Трим и Лум Дооел Струга со седиште на ул.“Маршал Тито ” бб Струга за изведба на приклучок за фекална канализација .

Постапувајќи по Вашето барање, од извршениот увид на лице место и врз основа на приложеното решение бр.31361 од 30.03.2022 година за фекален приклучок издадено од ЈП Водовод и канализација, констатирано е дека постојат технички услови за изведување на бараниот приклучок.

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето на фекалната канализација треба да се изврши на улична фекална канализациона мрежа (Ф=250 мм) со профил на фекален приклучок Ф=250 мм во должина од 19.5 м, од кои 2,5м по подлога од павер елементи, 12м надолжен прекоп на асфалтна подлога и 5м попречен прекоп на асфалтна подлога.

За горе наведениот приклучок на фекална канализација и по решение за фекален приклучок предвиден е да се изведе ископот на ровот дел по тротоар од бекатонска подлога и дел со попречен прекоп и подолжен прекоп на асфалтна подлога на ул.„Прашка“ се до постојна шахта која што се наоѓа на средина на улицата.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 354,00 денари со вклучено ДДВ, за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 17.700,00 денари со вклучено ДДВ, за надолжен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 14.160,00 денари со вклучено ДДВ, вкупно да уплати износ од 32.214,00 денари со вклучено ДДВ.

Инвеститорот се задолжува да обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот и пешаците со сите потребни означувања,а прекопот да го врати во подобрена првобитна состојба. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од бекатонска подлога да се транспортира до депонија, околу цевките да се постави ситен песок , останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви,да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот и ископаниот материјал од ровот од асфалтна подлога да се транспортира до депонија,да се постави ситен песок околу цевките,останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно прекопот на улицата да се асфалтира со АБ 11 д=5см.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на новиот приклучок, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали истиот е квалитетно завршен.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Иванa Стојановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ

14.04.22

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*